Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2026-2029 ЗА ПЕРИОД 01 ЈАНУАРИ – 30 ЈУНИ 2026 ГОДИНА

Во согласност со принципот на активна транспарентност, Министерството за одбрана ги објавува сите стратешки и оперативни документи, како и извештаи кои се однесуваат на стратешките цели во одбраната кои не претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност врз основа на закон. Зајакнатата транспарентност е во насока на континуирано унапредување на институционалниот интегритет согласно напорите за добро владеење и политиката за градење интегритет на НАТО.

Во таа насока, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува Извештај за степенот на имплементација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2026-2029[1].

За таа цел, како составен дел од Планот за интегритет 2026 – 2029 е предвидена и посебна матрица за известување, која служи како алатка за систематска евиденција и следење на постигнатиот напредок по секоја поединечна активност, вклучително и статусот на нејзината реализација.

Десеттиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.01. – 30.06.2026 година.

[1] https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/strateski-dokumenti-mod-file-Evaw.pdf

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група која беше ангажирана во процесот на изработка на Планот за интегритет 2026 - 2029.

За периодот 01.01. – 30.06.2026 година, согласно Планот за интегритет 2026-2029 и Годишниот план на активности 2026 година[2], беа целосно реализирани **7 активности** или поделено по области: Човечки ресурси – 2 (две) активности, Јавни набавки – 3 (три) активности и Судир на интереси и внатрешна контрола – 2 (две) активности. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка (CIDS).

| **Област** | **Број на реализирани активности** |
|---|---|
| 👥 Човечки ресурси | 2 |
| 📑 Јавни набавки | 3 |
| ⚖️ Судир на интереси и внатрешна контрола | 2 |
| **Вкупно** | **7 активности** |

**Координатори за спроведување на активностите**
од Планот за интегритет на Министерството за одбрана и
**одговорни лица за соработка**
со Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка (CIDS)

**Билјана Аврамоска Ѓореска**

**Катерина Ѓорѓиевска**

---

[2] Годишниот план на активности 2006 година (Верзија на документот: 16122025) ја структурира соработката помеѓу CIDS и МО и истиот е подготвен имајќи ги предвид следните резултати: резултатите од евалуацијата на Планот за интегритет 2021–2024; новиот План за интегритет 2026–2029; консултативните состаноци одржани помеѓу МО и CIDS; како и предлозите од учесниците кои присуствуваа на обуките реализирани во 2025 година

## Матрица за следење на спроведувањето на активностите од

## Планот за интегритет 2026 – 2029

# I. Област: Управување со човечки ресурси

**Репер: Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси**

| Активност | Назив на активност | Статус на извршување (да/во тек/не) ако да, време на извршување | Исход | Постигнат резултат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дизајнирање на модули на обука и спроведување на обука за градење на интегритет за персоналот во МО и Армијата, развивање на базен обучувачи | **ДА**<br><br>21-22 Април 2026 година | Зголемен број (+16) на сертифицирани обучувачи за интегритет и воспоставен функционален систем за континуирано развивање и спроведување на обуки за сите категории на персонал во Министерството за одбрана и Армијата | Спроведена обука за „Обучувај го обучувачот“ со што се воспостави базен на сертифицирани обучувачи кои ќе развиваат модули на обука за интегритет во насока на редовно спроведување на обуките за сите категории на персонал во МО и Армијата | Активност 1 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 2.2. од Годишен план на активности 2026 година Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 2. | Изработка на Методологија за утврдување на работни места подложни на корупција и / Изработена Анализа со дефинирање на критериуми за ризични работни места | **ВО ТЕК** | | | Активност 3 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Продолжени се активностите за реализација на задачите што ќе |

| Активност | Назив на активност | | Статус на извршување (да/во тек/не) ако да, време на извршување | Исход | Постигнат резултат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | нејзина имплементација | Изработена на Методологија и нејзино усвојување и имплементација | | | Изработен е Предлог - Правилник за проценка на ризик од корупција во кој составен дел е и Методологијата и истиот е доставен до о.е. во Министерството на мислење | резултира со финален резултат до крајот на 2026 година во рамки на имплементација на Планот за интегритет 2026-2029 |
| 3. | Обука за персоналот кој работи, или е од неодамна унапреден на работни места подложни на корупција | | **ДА**<br><br>24 Февруари 2026 година | Подобрени знаења и вештини на персоналот во однос на препознавање и спречување на корупциски ризици | Спроведена обука за персоналот кој работи, или е од неодамна унапреден на работни места подложни на корупција со учество на 18 лица од МО | Активност 4 од Матрицата од матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 2.1. од Годишен план на активности 2026 година Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

# II. Област: Јавни набавки

**Репер: Воведување на стандардизиран пристап кон управување со интегритетот во јавните набавки**

| Активност | Назив на активност | Статус на извршување (да/во тек/не) ако да, време на извршување | Исход | Постигнат резултат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Градење на интегритет и проценка на ризици во набавки и аквизиција | **ДА**<br><br>03 - 04 Февруари 2026 година | Зајакнати капацитети на 18 учесници за проценка и управување со ризици во набавки и аквизиција | Спроведена обука за градење на интегритет и проценка на ризици во набавки и аквизиција | Активност 10 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 3.1. од Годишен план на активности 2026 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 7. | Градење на интегритет и проценка на ризици во сите фази на циклусот на спроведување на постапка за јавна набавка | **ДА**<br><br>12 - 13 Мај 2026 година | | | Активност 11 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 3.3. од Годишен план на активности 2026 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS, и беше интегрирана во обуката за проценка на ризици при истражување на пазар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | Градење на интегритет и проценка на ризици при спроведување на истражување на пазарот | **ДА**<br><br>12 - 13 Мај<br>2026 година | Подобрени знаења и вештини на 16 учесници за препознавање и управување со ризици при спроведување на истражување на пазарот, со зголемена свесност за интегритет во процесите на набавки | Спроведена обука за градење на интегритет и проценка на ризици при спроведување на истражување на пазарот | Активност 13 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 3.3. од Годишен план на активности 2026 година<br><br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

## III. Судир на интереси и внатрешна контрола

**Репер: Подобрени механизми за спречување судир на интереси и внатрешна контрола**

| Активност | Назив на активност | | Статус на извршување (да/во тек/не) ако да, време на извршување | Исход | Постигнат резултат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Спроведување на системот на градење на интегритет | Доставени редовни информации од сите овластени лица за спроведување системот на интегритет и тоа: број на пријави за (судир на интереси, заштита на укажувачи, подароци, влијанија, поткуп и сл.) број и вид на преземени мерки | ДА<br><br>Континуирано | Редовно се прибираат и обработуваат информации од овластените лица за спроведување на системот на интегритет, со што се обезбедува континуирано следење на состојбите поврзани со судир на интереси, заштита на укажувачи, подароци, недозволени влијанија, поткуп и други прашања од областа на интегритетот | Доставени се редовни информации од сите овластени лица за спроведување на системот на интегритет, при што е евидентирана состојбата во однос на бројот на пријави и видот на преземените мерки. Обезбедено е навремено следење на примената на системот на интегритет и унапредена е внатрешната контрола и отчетност во Министерството | Активност 23 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | Внатрешна анализа на дискрециони овластувања во МО и Армијата | Спроведена обука за анализа на дискрециони права | **ДА**<br><br>19 Мај 2026 година | Подобрени знаења и вештини на учесниците за препознавање, анализа и намалување на ризиците поврзани со дискреционите права во процесот на донесување одлуки | Спроведена обука за анализа на дискрециони права | Активност 25 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 2.4. од Годишен план на активности 2026 година<br><br>Активноста  е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка CIDS |

# IV. Област: Меѓународни мисии и операции

## Репер: Воспоставени насоки за теренски набавки во меѓународни мисии и операции и отпорност на коруптивни и други влијанија

| Активност | Назив на активност | Статус на извршување (да/во тек/не) ако да, време на извршување | Исход | Постигнат резултат | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Изработка на Насоки за теренски набавки во меѓународни мисии, операции и вежби | ВО ТЕК | | Изработени се Нацрт - Насоки за теренски набавки во меѓународните мисии и операции и истите се доставени до о.е. во Министерството и Генералштабот на Армијата на мислење | Активност 27 од Матрицата на активности за спроведување на Планот за интегритет 2026-2029<br><br>Активност 3.4. од Годишен план на активности 2026 година<br><br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка CIDS |